**Известување за концентрација помеѓу Јунајтед Линк, онлајн маркетинг д.о.о. Словенија и ИДЕО ПЛУС онлајн продажбад.о.о.Словенија (предмет бр. 08-37/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 06.03.2020 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на друштвото **Јунајтед Линк, онлајн маркетинг д.о.о.** (UNITEDLINK, SPLETNIMARKETING D.O.O.), со седиште на адреса Брнчичева улица 49а, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија, над **ИДЕО ПЛУС онлајн продажба д.о.о.** (IDEO PLUS spletnaprodaja d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Пот к сејмишчу 30, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Јунајтед Линк, онлајн маркетинг д.о.о.** е друштво кое врши трговија на мало преку интернет и е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

Во Република Северна Македонија, БЦ Партнерс има регистрирано присуство преку следните индиректно зависни друштва:

1.Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Северна Македонија, кое врши дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

2. ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Северна Македонија, кое врши маркетиншки дејности.

**ИДЕО ПЛУС онлајн продажба д.о.о.** е активно со продажба на мало на производи за широка потрошувачка (вклучувајќи бела техника, санитарии, опрема за градина, компјутерска опрема, спортска опрема, итн.), преку интернет платформа, на купувачи во Словенија, преку порталот https://www.ideo.si/.

ИДЕО ПЛУС онлајн продажба д.о.о. нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да*

*пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.03.2020 година
Скопје